Врз основа на член 50, став 1, точка 9 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 23 став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на РМ" бр. 38/96........635/19 и и „Службен весник на РСМ" бр.275/19), а согласно Одлуката за распишување на јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ,,Парк-Спорт и Паркинзи" Велес, бр. 08-1943/1 од 11.04.2022 година,

Градоначалникот на Општина Велес, распишува

**ЈАВЕН КОНКУРС**

**за избор на Директор на ЈП „Парк-Спорт и Паркинзи" Велес**

**1.**Се распишува Јавен конкурс за избор на Директор на ЈП ,,Парк-Спорт и Паркинзи" Велес, кандидатите покрај општите услови утврдени со Законот за работни односи:

- да е државјанин на Република Македонија;
- активно да го користи македонскиот јазик;
- да е полнолетен,

треба да ги исполнува и посебните услови:

- во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење професија, дејност или должност;
- да има стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршено VII/1 степен образование;
- има минимум 5(пет) години работно искуство;
- да поседува еден од следните меѓународно признати сертификати или уверенија за активно познавање на англиски јазик не постар од пет години и тоа:
    - ТОЕФЕЛ ИБТ - најмалку 74 бода,
    - ИЕЛТС (IELTS) - најмалку 6 бода,
    - ИЛЕЦ (ILEC) (Cambridge English: Legal) - најмалку Б2 (B2) ниво,
    - ФЦЕ (FCE) (Cambridge English: First) – положен,
    - БУЛАТС (BULATS) - најмалку 60 бода или
    - АПТИС (APTIS) - најмалку ниво Б2 (B2).

**2.** Кандидатот со пријавата потребно е да ги достави следните документи:

-Заверен препис од диплома за завршено високо образование;

-Потврда за работно искуство;

-Уверение дека со правосилна судска пресуда не му е изречена казна забрана за вршење професија, дејност или должност;

-Уверение за државјанство;

-Кратка биографија -CV;

-План и програма за развој на претпријатието во наредните 4 години.

**3.**Неделното работно време е 40 часови, со дневно работно време од понеделник до петок од 07:00 до 15:00 часот.

**4.**Основната нето плата за работното место изнесува 37.000,00 денари.

**5.**Јавниот оглас ќе трае 5 (пет) работни дена од денот на објавувањето, не сметајќи го денот на објавувањето.

**6.**Комисијата формирана од Градоначалникот во рок од 8(дена) по истекот на рокот на конкурсот, ја доставува документацијата до Градоначалникот.
**7**.Изборот се врши во рок од 15 дена по добивање на документацијата од комисијата.
**8.**Пријавите што нема да бидат поднесени во утврдениот рок и пријавите што не ги содржат бараните документи ќе се сметаат како неблаговремени односно некомплетни и истите нема да се разгледуваат.
**9**.Пријавата со потребната документација во оригинал или заверена на Нотар треба да се достави во запечатен плик со назнака „За јавен конкурс за избор на директор на ЈП ,,Парк-Спорт и Паркинзи'' Велес, преку пошта или до архивата на Општина Велес на адреса: ул. „Панко Брашнар“ бр.1, 1400 Велес.

Бр.08-1943/2
11.04.2022 година
Велес

Градоначалник
на Општина Велес
Марко Колев

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ГРАДОНАЧАЛНИК
ВЕЛЕС
ОПШТИНА ВЕЛЕС